Истражување за инфраструктурните проекти во општините од владината програма за децентрализација



# „Инјекција“ од 112 милиони евра од Владата за општините во годината на локалните избори

Овој извештај е финансиран од Европската унија во рамки на проектот „Фер трошење за фер избори: Следење на јавните набавки на општините во изборната година“ спроведуван од Центарот за граѓански комуникации. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” финансиран од Европската Унија. Содржината на извештајот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.

Истражување за инфраструктурните проекти во општините од владината програма за децентрализација: **„Инјекција“ од 112 милиони евра од Владата за општините во годината на локалните избори**

Издавач: Центар за граѓански комуникации

Лектура: Татјана Б. Ефтимоска

Графички дизајн: Центар за граѓански комуникации

Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352:354.1(497.7)"2024/25"(047)

ИСТРАЖУВАЊЕ за инфраструктурните проекти во општините од владината програма за децентрализација : „инјекција“ од 112 милиони евра од Владата за општините во годината на локалните избори [електронски извор] = Hulumtim mbi projektet infrastrukturore nëpër komunat nga programi qeveritar për decentralizim: : “injektim” me vlerë prej 112 milionë euro nga Qeveria për komunat në vitin e zgjedhjeve locale = Research of infrastructure projects in municipalities from the Government's decentralization program: : "injection” of €112 million from the Government for municipalities in the year of local elections. - Текст во ПДФ формат, содрж. [29] стр., илустр.

Начин на пристапување (URL):

https://www.ccc.org.mk/injekczija-od-112-milioni-evra-od-vladata-za-opshtinite-vo-godinata-na-lokalnite-izbori/.

- Фусноти кон текстот. - Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 13.02.2026 година. - Напореден текст на мак., алб. и анг. јазик. -

Финансиер: Овој извештај е финансиран од Европската унија во рамки на проектот „Фер трошење за фер избори: Следење на јавните набавки на општините во изборната година“ спроведуван од Центарот за граѓански комуникации

ISBN 978-608-4974-49-9

а) Локална власт -- Централна власт -- Финансии -- 2024-2025 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 68128005

**СОДРЖИНА:**

Резиме ........ 2

Клучни наоди од истражувањето ........ 3

Заклучоци ........ 9

**РЕЗИМЕ**

- Само во периодот од октомври 2024 до октомври 2025 година, односно во последната година пред изборите, Владата испланира 250 милиони евра за инфраструктурни проекти на општините, и од тие пари им одобри 112 милиони евра, преку шест министерства (Транспорт, Спорт, Образование, Животна средина, Социјална политика и Култура).

- Првата одлука за распределба на 71,1 милиони евра ја донесе во октомври 2024, наменети за 288 општински проекти, избрани на претходно објавен јавен оглас. Пари од оваа транша не им беа одобрени само на три општини – Град Скопје, Струмица и Сарај.

- Втората одлука за распределба на дополнителни 41,4 милиони евра за 828 проекти Владата ја донесе на 4 јули 2025, односно нецели три месеци пред изборите. Од оваа транша, пари добија сите општини освен Град Скопје. Од јули до 9 август (денот на распишување на изборите), речиси сите општини направија ребаланси на Буџетот за да ги вметнат овие пари и да можат непречено да ги спроведуваат проектите во последните два месеци пред изборите.

- Фискалниот совет идентификуваше два ризик-фактори во врска со овие проекти: (1) можноста да се протолкуваат како популистичка мерка пред избори и (2) поради изборите и нецелосна функционалност на општините, можноста голем дел од овие средства да не се искористат целосно или да не се искористат ефикасно.

- Иако одобри проекти за 71 милион евра за 2024, Владата во Буџетот за 2024 година „резервираше“ само 15,5 милиони евра, а реално потроши само 345 илјади евра. Оттука, овие пари се споија со парите за проектите за следната, 2025 година, и во Буџетот за оваа година Владата испланира 102 милиони евра за овие проекти.

- Веднаш по завршувањето на изборите, Владата направи значително кратење на парите во Буџетот за овие проекти, и тоа прво, со Одлуката за прераспределба на средства во Буџетот, 102-та милиони евра се намалени на 44 милиони евра, односно за 58 милиони евра. Потоа, со новиот Буџет за 2026 година се намалија парите кои претходно беа планирани за 2026 и за 2027 година, и тоа: за 2026 беа планирани 70 милиони, кои се скратени на 41 милион, а за 2027 година беа планирани 77 милиони, кои според планот сега се скратени на 63 милиони. Со ова, почетните 250 милиони евра за општински проекти од Унгарскиот заем сега се скратени на 149 милиони евра.

- Инаку, по општини, најмногу пари, над 5 милиони евра секоја, беа одобрени за Битола (5,6 мил. евра), Тетово (5,5 мил. евра), Куманово (5,3 мил. евра) и Аеродром (5,3 мил. евра), а блиску е и Прилеп (4,4 мил. евра).

- По жител, најмногу износи на одобрени пари има за Демир Капија (99 евра), Желино (82 евра), Свети Николе (79 евра), Градско (78 евра) и Кратово (76 евра). Најмалку пари по жител добиле Град Скопје (0 евра), Струмица (16 евра), Сарај (23 евра), Центар (41 евро) и Кичево (49 евра).

- Посебната проценка на влијанието на овие трошења врз подобрување на условите за живот и работа на жените, на младите и на маргинализираните групи покажува дека директно за овие групи граѓани можат да се препознаат само 11 од 1116 проекти, односно нецел 1 %. Вакви проекти имаат 9 општини, во вкупна вредност од 4,3 милиони евра, односно 3,8 % од вредноста на одобрените проекти. Од 11-те проекти, 10 се за млади, 1 за маргинализирани групи, и ниту еден за жени.

## КЛУЧНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од октомври 2024 година наваму, Владата им одобри на општините вкупно 111.662.612 евра за инфраструктурни проекти, од парите од т.н. Унгарски заем. Парите беа доделени преку шест министерства, во зависност од тоа за какви проекти се наменети.

Првата одлука[i] Владата ја донесе точно една година пред локалните избори, односно на 16 октомври 2024 година, за распределба на 71,1 милион евра[ii]. Овој дел од парите беше наменет за 288 општински проекти, избрани на претходно објавен јавен оглас. Само три единици на локална самоуправа не добија финансирање од оваа прва транша, односно Град Скопје, Сарај и Струмица.

| Министерство | Одобрени проекти во 2024 | Предвидени пари во буџетот за 2024 | Потрошени пари од буџетот во 2024 |
|---|---|---|---|
| Транспорт | 2.979.446.146 | 562.664.000 | 14.391.666 |
| Животна средина | 629.263.261 | 58.852.000 | 0 |
| Образование | 301.850.066 | 187.213.656 | 6.819.844 |
| Социјала | 43.890.000 | 43.890.000 | 0 |
| Култура | 199.460.590 | 39.893.000 | 0 |
| Спорт | 220.064.186 | 58.070.450 | 0 |
| **Вкупно (денари)** | **4.373.974.249** | **950.583.106** | **21.211.510** |
| **Вкупно (евра)** | **71.121.533** | **15.456.636** | **344.903** |

Втората одлука[iii] Владата ја донесе три и пол месеци пред локалните избори, односно на 1 јули 2025 година, за распределба на дополнителни 41,4 милиони евра[iv]. Оваа одлука е променета во август 2025 година и сумата е коригирана на 40,5 милиони евра[v]. Овој дел од парите, иако значително помал од претходниот, е наменет за многу повеќе проекти, односно за 828 проекти, исто така избрани по претходно објавен јавен оглас. Од оваа транша, пари добија сите ЕЛС, освен Град Скопје.

| Министерство | Одобрени проекти во 2025 | Вкупно одобрени проекти во 2024 и 2025 | Предвидени пари во буџетот за 2025 |
|---|---|---|---|
| Транспорт | 1.621.049.741 | **4.600.495.887** | **3.984.000.000** |
| Животна средина | 165.504.005 | **794.767.266** | **778.962.000** |
| Образование | 361.184.998 | **663.035.064** | **644.185.000** |
| Социјала | 100.000.000 | **143.890.000** | **350.871.000** |
| Култура | 135.539.410 | **335.000.000** | **335.000.000** |
| Спорт | 109.998.207 | **330.062.393** | **183.416.000** |
| **Вкупно (денари)** | **2.493.276.361** | **6.867.250.610** | **6.276.434.000** |
| **Вкупно (евра)** | **40.541.079** | **111.662.612** | **102.055.837** |

Во месецот помеѓу донесувањето на владината одлука (на 4 јули 2025 година) и денот на распишување на изборите[vi] (9 август 2025 година), речиси сите општини направија измена на своите програми, и соодветно, на буџетите, со која ги внесоа доделените проекти и пари од Владата за да можат законски да го „покријат“ трошењето на парите во месеците непосредно пред изборите.

Со двете транши заедно, само во 2025 година, на општините им се доделуваат 111,7 милиони евра.

| Министерство | Одобрени проекти во 2024 | Предвидени пари во буџетот за 2024 | Потрошени пари од буџетот во 2024 | Одобрени проекти во 2025 | Вкупно одобрени проекти во 2024 и 2025 | Предвидени пари во буџетот за 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Транспорт | 2.979.446.146 | 562.664.000 | 14.391.666 | 1.621.049.741 | **4.600.495.887** | **3.984.000.000** |
| Животна средина | 629.263.261 | 58.852.000 | 0 | 165.504.005 | **794.767.266** | **778.962.000** |
| Образование | 301.850.066 | 187.213.656 | 6.819.844 | 361.184.998 | **663.035.064** | **644.185.000** |
| Социјала | 43.890.000 | 43.890.000 | 0 | 100.000.000 | **143.890.000** | **350.871.000** |
| Култура | 199.460.590 | 39.893.000 | 0 | 135.539.410 | **335.000.000** | **335.000.000** |
| Спорт | 220.064.186 | 58.070.450 | 0 | 109.998.207 | **330.062.393** | **183.416.000** |
| **Вкупно (денари)** | **4.373.974.249** | **950.583.106** | **21.211.510** | **2.493.276.361** | **6.867.250.610** | **6.276.434.000** |
| **Вкупно (евра)** | **71.121.533** | **15.456.636** | **344.903** | **40.541.079** | **111.662.612** | **102.055.837** |

Наспроти одобрените 71 милион евра за општините во 2024 година, Владата сепак во Буџетот за таа година „резервираше“ само околу 15,5 милиони евра[vii], а општините реално потрошија скромни 345 илјади евра или 0,5 % од одобрените пари за 2024 година. Оттука, парите одобрени за 2024 се споија со парите за 2025 година и за нив заедно, во Буџетот[viii] за 2025 година, Владата испланира 102 милиони евра (иако вкупната вредност на одобрените проекти за општините за овој период изнесуваше 112 милиони евра).

### Постизборно кратење на средствата за 2025 година

По завршувањето на локалните избори, на почетокот од декември 2025 година, Владата уште еднаш, овој пат подрастично, ги намали парите за инфраструктурните проекти на општините за повеќе од половина, односно за 58.439.026 евра. Имено, со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите[ix], донесена од Собранието на РСМ на 5 декември 2025 година, претходно предвидените 102 милиони евра во централниот Буџет за 2025 година се намалени на 43,6 милиони евра.

| Министерство | Предвидени пари во буџетот за 2025 | Намалени пари со Одлуката за прераспределба | Конечно предвидени пари во Буџетот за 2025 |
|---|---|---|---|
| Транспорт | 3.984.000.000 | -2.183.000.071 | **1.800.999.929** |
| Животна средина | 778.962.000 | -570.000,000 | **208.962.000** |
| Образование | 644.185.000 | -442.000.000 | **202.185.000** |
| Социјала | 350.871.000 | -200.000.000 | **150.871.000** |
| Култура | 335.000.000 | -179.000.000 | **156.000.000** |
| Спорт | 183.416.000 | -20.000.000 | **163.416.000** |
| **Вкупно (денари)** | **6.276.434.000** | **-3.594.000.071** | **2.682.433.929** |
| **Вкупно (евра)** | **102.055.837** | **-58.439.026** | **43.616.812** |

### Дополнително кратење на средствата во Буџетот за 2026 година

Во прегледот на развојните потпрограми во ребалансот на Буџетот за 2025 година, Владата најнапред планираше за овие проекти и во наредните две години, 2026 и 2027, на општините да им додели уште 148 милиони евра. Овој износ, заедно со првично предвидените 102 милиони евра во Буџетот за 2025 година и потрошените 345 илјади евра во 2024 година, требаше да го заокружи вкупниот износ на средства за инфраструктурни проекти за општините од Унгарскиот кредит на 250 милиони евра.

**Почетно планирана дистрибуција на парите за општините по години (евра)**




| Година | Износ |
|---|---|
| 2024 (потрошени) | 344.903 |
| 2025 (во Буџетот) | 102.055.837 |
| 2026 (план) | 70.180.813 |
| 2027 (план) | 77.496.667 |
| **Вкупно** | **250.078.220** |

Но, со Буџетот за 2026[x] година се направи дополнително кратење на овие средства, така што, наместо првично планираната динамика на реализација од 70 милиони во 2026 година, во Буџетот за 2026 година, усвоен на 10 декември 2025 година, овие пари се скратени на 41,5 милиони евра за 2026 година.

Исто така, скратени се и планираните средства за следната, 2027 година, и тоа од почетните 77,5 милиони евра, на 63,3 милиони евра. Со овие корекции, вкупниот износ на средствата за инфраструктурни проекти на општините, од планираните 250 милиони евра, е скратен на 149 милиони евра.

**Кратење на парите за општините по години (евра)**




| Почетно предвидени и планирани средства (пред изборите) | |
|---|---|
| **Година** | Износ |
| 2024 (потрошени) | 344.903 |
| 2025 (во Буџетот) | 102.055.837 |
| 2026 (план) | 70.180.813 |
| 2027 (план) | 77.496.667 |
| **Вкупно** | **250.078.220** |

| Кратење на средствата и плановите (по изборите) | |
|---|---|
| **Година** | **Износ** |
| 2024 (потрошени) | 344.903 |
| 2025 (намален износ) | 43.616.812 |
| 2026 (намален план) | 41.465.301 |
| 2027 (намален план) | 63.250.000 |
| **Вкупно:** | **148.677.016** |

**Четири општини со над 5 милиони евра секоја, Град Скопје ни денар**

Кога станува збор за поединечните општини, се забележува несразмерна распределба на средствата според бројот на жители и според износот. Така, на четири општини им се одобрија по повеќе од пет милиони евра секоја и тоа: Битола (5,6 мил. евра), Тетово (5,5 мил. евра), Куманово (5,3 мил. евра) и Аеродром (5,3 мил. евра), а блиску до нив е и Прилеп (4,4 мил. евра).

| Најголеми апсолутни износи на одобрени пари (во евра) | |
|---|---|
| Битола | 5.649.517 |
| Тетово | 5.500.916 |
| Куманово | 5.341.896 |
| Аеродром | 5.265.190 |
| Прилеп | 4.404.991 |

Во однос на одобрените средства по жител, најголеми износи има за Демир Капија (99 евра), Желино (82 евра), Свети Николе (79 евра), Градско (78 евра) и Кратово (76 евра). Најмалку пари по жител добиле Град Скопје (0 евра), Струмица (16 евра), Сарај (23 евра), Центар (41 евро) и Кичево (49 евра).

| Најмногу пари по жител (во евра) | |
|---|---|
| Демир Капија | 99 |
| Желино | 82 |
| Свети Николе | 79 |
| Градско | 78 |
| Кратово | 76 |

| Најмалку пари по жител (во евра) | |
|---|---|
| Град Скопје | 0 |
| Струмица | 16 |
| Сарај | 23 |
| Центар | 41 |
| Кичево | 49 |

**Помалку од 1 % од проектите се директно насочени за жени, за млади и за маргинализирани групи**

Кога станува збор за проценка на директното влијание на одобрените инфраструктурни проекти врз подобрување на условите за живот и работа на жените, младите и маргинализираните групи, може да се заклучи дека за овие групи граѓани можат да се препознаат само 11 од 1116 проекти, односно нецел 1 %.

Од тие 11 проекти, 10 се за млади, 1 за маргинализирани групи, и ниту еден за жени.

Вакви проекти имаат само 9 општини, во вкупна вредност од 4,3 милиони евра, односно 3,8 % од вредноста на одобрените проекти, и тоа:

| Идентификувани проекти со директно влијание врз одредени групи граѓани (во евра) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Општина** | **Млади** | **Маргинализирани** | **Жени** | **Вкупно** |
| Тетово | 2.415.287 | / | / | **2.415.287** |
| Кочани | / | 569.106 | / | **569.106** |
| Кичево | 435.650 | / | / | **435.650** |
| Валандово | 195.122 | / | / | **195.122** |
| Велес | 180.186 | / | / | **180.186** |
| Гостивар | 176.277 | / | / | **176.277** |
| Демир Хисар | 136.527 | / | / | **136.527** |
| Кавадарци | 117.852 | / | / | **117.852** |
| Чаир | 54.329 | / | / | **54.329** |
| Вкупно | **3.711.231** | **569.106** | **/** | **4.280.336** |

### Јавните набавки за реализација на проектите: доминантни фирми по општини, кратки рокови и долги рокови за плаќање

Кога станува збор за јавните набавки што општините ги спроведуваат за реализацијата на одобрените инфраструктурни проекти од Владата, првите тендери беа распишани и договорите беа потпишани кон крајот на 2024 година.

Иако поединечните тендери не беа предмет на оваа анализа, сепак може да се забележи дека во одредени општини има практика мал број исти фирми да учествуваат и да ги добиваат тендерите.

Исто така, предмет на загриженост се и плаќањата на фирмите за спроведените работи како дел од овие проекти. Имено, за многу од тендерите од првата транша проекти одобрени во октомври 2024 година, а распишани и доделени до крајот на истата година или на почетокот од 2025 година, крајниот рок за извршување на договорите беше една година или до последниот квартал во 2025 година. Наспроти ова, плаќањето за извршените работи е предвидено во рок од 3 години, односно во 2025, 2026 и 2027 година. За многу учесници во овие постапки, и тоа од двете страни, и од договорните органи и од економските оператори, беше нејасно како ќе се извршува плаќањето, односно фирмите да ги завршат работите и да вложат свои средства во 2025 година, а за тоа да им биде плаќано во текот на три години.

Исто така, имајќи предвид дека плаќањето за проектите е во текот на три години, овие проекти се квалификувани како развојни, иако голем дел од нив немаат други карактеристики на развојни проекти, освен подолгиот рок за плаќање. Станува збор за проектите за поправка, за реконструкција или изградба на улици и слични локални инфраструктурни зафати.

### Капиталните расходи во буџетите на општините просечно се зголемија за 92 % во изборната година

Одобрените средства од Владата за општините од Унгарскиот кредит беа значајна „инјекција“ за општините во предизборните месеци. Тие ги зголемија износите на нивните капитални инвестиции во буџетите за 2025 година, во однос на реализацијата за 2024 година просечно дури за 92 %.

Исто така, придонесоа за просечен пораст од 36 % на буџетите на општините во истата таа 2025 година во однос на реализираните буџети за претходната година. Проектите ги зголемија и износите за јавни набавки на општините, и тоа просечно за 40 % во 2024 година, во однос на

претходната 2023 година.










**Фискалниот совет укажа на ризикот од протолкување на мерката како популистичка**

Фискалниот совет на РСМ, кој дава задолжително мислење по буџетите и нивните ребаланси, укажа на два ризик-фактори поврзани со овие средства за општините, во своето мислење[xi] од јуни 2025 година во однос на ребалансот на Буџетот за 2025 година.

„Зголемени капитални дотации распределени на фер основа водејќи се од принципот на рамномерен регионален развој како што стои и во самиот ребаланс е добар сигнал, но треба да се води сметка за капацитетот на општините за реализација на овие расходи, како и фактот дека станува збор за година во која треба да се реализираат локални избори, па има два ризик фактори кои може да се идентификуваат:

1. зголемените дотации до ЕЛС да се протолкуваат како популистичка мерка за одредени инвестиции пред избори и
2. друга можна ситуација е поради изборите и нецелосна функционалност на општините голем дел од овие средства да не се искористат целосно или да не се искористат ефикасно.

Дополнително, проекциите за капиталните дотации кон општините во 2026 и 2027 се значително помали од зголемените расходи со ребалансот за 2025 година.“

**Укажувања на меѓународните набљудувачи на локалните избори 2025**

И претставниците на меѓународните мисии кои ги набљудуваа локалните избори, во своите извештаи по изборите, укажаа на загриженост од употреба на јавните ресурси во изборните цели. Во изјавите[xii] врз основа на прелиминарните наоди и заклучоци од следењето на локалните избори, тие посочија дека: „одделни инстанци на злоупотреба на јавни средства... беа загрижувачки“ (Матео Мекачи, шеф на Мисијата за набљудување на изборите на ОИДХР); „Слушнавме широко распространета загриженост за злоупотреба на државните ресурси во пресрет на изборите во контекст на широко распространета перцепција за корупција“ (Гобнит Ни Вимнехан, шефица на делегацијата на Конгресот на Советот на Европа); „Потврдуваме дека некои соговорници изразија страв дека имало некои нерегуларности, можна злоупотреба на државни ресурси...“ (Марта Темидо, шефица на делегацијата на Европскиот парламент).

**ЗАКЛУЧОЦИ**

- Генерален заклучок е дека одобрените средства од Владата за општините од Унгарскиот кредит беа значајна „инјекција" за општините во предизборните месеци, зголемувајќи ги:
    - износите на нивните капитални расходи во буџетите за 2025 година, во однос на реализацијата за 2024 година, просечно дури за 92 %;
    - буџетите за 2025, во однос на реализираните буџети за претходната година, просечно за 37 % и
    - нивните јавни набавки во 2024 година, во однос на 2023 година, просечно за 40 %.

- Средствата не беа рамномерно распределени на општините, ниту по број на жители, ниту по износ.

- Најголем дел од градоначалниците интензивно ги промовираа проектите во годината на локалните избори и во предизборието.

- Проектите беа квалификувани како „развојни", бидејќи е предвидено нивно финансирање во тригодишен период, иако значаен дел од нив се всушност поправка, реконструкција или изградба на улици и слични локални инфраструктурни зафати.

- Отсуствуваат јасни информации како ќе се врши плаќањето на фирмите во период од три години, а за завршените проекти во 2025 година.

- Најголем дел од огласите за јавни набавки за првата транша на проектите предвидуваа кратки рокови за изградба на проектите, најчесто до октомври 2025 година, односно до месецот на одржување на локалните избори.

- Во значаен дел од анализираните општини се забележува доминација на една или на неколку фирми кои ги добиле договорите за јавни набавки за изградба на проектите.

- За разлика од засиленото промовирање на проектите на почетокот, во 2024 и во 2025 година, речиси немаше слични јавни известувања и за значителното намалување на парите за проектите, по локалните избори, ниту образложение за причините за кратењето на средствата.

---

[i] Записник од 26. седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година, линк: https://portal.mdt.gov.mk/post-records/26-ta-sednica-na-vladata-2024-record-mk.pdf

[ii] Одлуки за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти за 2024 година, Службен весник на РСМ, бр. 215 од 21 октомври 2024 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/95eef5a4dc9b406cb822489418ca51b6.pdf и Одлуки за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти за 2024 година, Службен весник на РСМ, бр. 251 од 12 декември 2024 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/355bf0df3a85478aa85367a41444eaa1.pdf; Службен весник на РСМ, бр. 252 од 13 декември 2024 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/bfac49f92c914e16a2530ef37fa6d32a.pdf и Службен весник на РСМ, бр. 278 од 31 декември 2024 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/95a04cf6d810429c8aaeb1a5768ef99d.pdf

[iii] Записник од 88. седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 јули 2025 година, линк: https://portal.mdt.gov.mk/post-records/88-ta-sednica-na-vladata-record-mk.pdf

[iv] Одлуки за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти за 2025 година, Службен весник на РСМ, бр. 135 од 4 јули 2025 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/1a2c96665aa445bb9aadd2c4ff5b61d0.pdf

[v] Одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година, Службен весник на РСМ, бр. 165 од 7 август 2025 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/eb23298cf23e4339913c402cbd98aa70.pdf

[vi] Решение за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, Службен весник на РСМ, бр. 167 од 9 август 2025 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/49f32869a1774e0b809c2c144490c35c.pdf

[vii] Завршна сметка на Буџетот на РСМ за 2024 година, Службен весник на РСМ, бр. 151 од 25 јули 2025 година, линк: https://slvesnik.com.mk/Issues/c4e727fbdb0545948031345e1868c53b.pdf

[viii] Буџет на РСМ за 2025 година, Службен весник на РСМ, бр. 254 од 16 декември 2024 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/aa46ac2fcc574dcebca4b70c88dc249e.pdf

[ix] Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, Службен весник на РСМ, бр. 246 од 9 декември 2025 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/98114c8ba4d5498f99c5f7ea9606021f.pdf

[x] Буџет на РСМ за 2026 година, Службен весник на РСМ, бр. 253 од 17 декември 2025 година, линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/bd5720afda0040d09eaaa43959143bec.pdf

[xi] Мислење на Фискалниот совет по Ребалансот на Буџетот за 2025 година, линк: https://www.fsovet.mk/wp-content/uploads/2025/06/%D0%9C%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B5%D1%9A%D0%B5-%D0%BF%D0%BE-%D1%80%D0%B5%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D1%81-%D0%BD%D0%B0-%D0%91%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82.pdf

[xii] Прес-конференција на Мисијата за набљудување на изборите, 20 октомври 2025 година, линк: https://www.youtube.com/watch?v=V6MKAWEkA4A